**ИРЛ:**Дали во Вишото јавно обвинителство (ВЈО) се заобиколувал распоредот за распределба на предмети и тие се распределувале спротивно на Правилникот за внатрешно работење на обвинителствата?

**Цветановски:** Начинот на распределбата на предмети и на други писмена документација во јавните обвинителства е регулирана во Правилникот за внатрешно работење на обвинителствата, од моментот на приемот на дневната пошта, моментот на парафирање од страна на Вишиот јавен обвинител или во негово отсуство од ЈО задолжен со годишен распоред до моменот кога истата влегува во писарница каде задолжените службеници ги внесуваат во соодветните упсиници и распоредуваат по јавните обвинители, а како службите ги заведувале и по кој принципи, мене не ми е познато, ниту била моја предметна работа.

**ИРЛ:** Дали одредени предмети не се распределни согласно распоредот?

**Цветановски:** Одговорот на ова прашање бидејки концептуално е исто како претходото одоворот е во иста насока со дополнување дека за првпат јас лично со предметите сум се запознал кога службите ми ги доставувале .

**ИРЛ:** Дали вие како заменик во ВЈО Скопје сте биле известен од вработените дека добиваат наредби одредени предмети да се распределат спротивно на распоредот за работа и што сте презеле околу тоа?

**Цветановски:** Од никого не сум известен за никакви наредби, ниту имам надлежност и задолжение како заменик за распределба на предмети, но имам сознанија дека во еден случај од страна на Вишиот јавен обвинител утврдено е дека колега јавен обвинител преку писарницата и задолжените службеници му е доставен и заведен предмет спротивно на Правилникот за внатрешно работење за што е покренета дисциплинска постапка против еден јавен обвинител.

**ИРЛ:** Дали во ВЈО има посебен документ надвор од единстевниот Правилник за внатрешно работење во обвинителствата, кој го регулира начинот на распределба на предмети?

**Цветановски:** Мене ми е познато и како пракса се применува подолг временски период е дека постои списоци во писарниците во кои се евидентирале предмети што јавните обвинители ги добивале а се предмети од ОЈО за ГООК и посебно од СЈО а списоците се во насока да секој јавен обвинител добие подеднакво вакви предмети.

**ИРЛ:** Дали вие како заменик на суспендираниот Мустафа Хајрулахи, знаевте дека неколку вработени во ВЈО Скопје се пожалиле на малтретирање во службата?

**Цветановски:** Јас девет години како јавен обвинител во ВЈО Скопје ниту сум препознал било какви девијантни појави мегу вработените или помеѓу вработените со Мустафа Хајрулахи, напротив видов за целиот период особено меѓу нив многу коректни односи, за што и целата оваа хајка објавена првично во медиумите при крајот на месец октомври 2024 година не само за мене туку и за колегите во

обвинителството беше изненадување, баш од причини што баш никој колега во целата зграда, во која има над 100 вработени приметил вакви појави.

**ИРЛ:** Дали при распределбата на предмети во ВЈО Скопје е прекршен Правилникот за внатрешно работење во обвинителствата кој ја регулира распределбата на предмети во сите обвинителства?

**Цветановски:** Бидејки за ова само Лиле Стефанова во својата белешка од извршениот надзор тврдела, што е сомнително, само за предмети кој произлегуваат од згаснатото СЈО , јас веднаш по добиениот извештај кој претходно републичкиот јавен обвинител јавно преку соопштение го објави, согласно Правилникот до Републичкиот јавен обвинител доставив писмено произнесување, со детално и опширно образложение, на кои до ден денес не е одговорено, иако е должен а заради добивање и правен легимитет на тој надзор, од кој причини и тој е незаконски акт. Одговорно тврдам дека немало вакво прекршување на Правилникот за внатрешно работење во обвинителството, особено за предметите наведени во надзорот, при распределба на предмети наводно извршено од Мустафа Хајрулхи. Ова од причина што за сите овие години од кога тој е Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје, не само за овие предмети кои вие лично се интересирате, ниту за ниеден друг предмет, ниту ме прашал за моја одлука ниту интервенирал во насока за каква одлука ќе донесам. Принцип во мојата 16 годишна работа како јавен обвинител, како и за сите предмети кој што сум ги добивал во работа без разлика дали се работи за некави сензитивни предмети, предмети кои се во интерес на јавноста или било каков предмети без разлика на својство на обвинети, оштетени, сведоци, предизвикани последици и вид на криминалитет, моите одлуки сум ги носел самостојно, независно или без никаков притисок или барање од колеги или старешини-претпоставени. Секогаш, без исклучок сум се водел само од законските претпоставки, ажурно, навремено и без грижа на мојата совест и дали од одлуките би имал лични последици, како што денес трпам. Конкретно и за овие предмети, Мустафа Хајрулахи за предметите и мојата одлука запознат бил само тогаш кога и согласно внатрешните процедури сум морал да го известам-реферирам за мојата одлука за што сум составувал и службена белешка и писмено укажување до првостепените јавните обвинители. А во однос дали е злоупотребена процедурата од страна на писарницата веќе ви напомнав дека имам сознание за поведена дисциплинска постапка, за што е реагирано.

**ИРЛ:** Три високо профилни случаи предмет на ревизија од државното обвинителство ви се доделени Вас на работа. Според сведочењето на службеничките од ВЈО Скоје по наредба на Мустафа Хајрулахи тие ви се доделни Вас спротивно на распоредот? Зошто?

**Цветановски:**Прашањево иако ви е концепирано како да имате веќе одговор но сепак ќе ви одговорам. Јас лично предметите не ги делам на виосоко профилириани случаи туку секој предмет добивал ист третман, бидејки секој предмет за себе има различни посебности. Но во ВЈО Скопје имало многу, да ги наречеме високо профилирани предмети, кој може да бидат предмет на

независно истражување, но и на кривична постапка за злоупотреба на своите јавно обвинителски функции, а во кои ке се потврдат незаконити постапувања и работа на јавните обивнители обработувачи на предметите. Ова се однесува на водени неосновани истраги но уште потешко за неосновани притвори и неоснови обвиниенија кои со години се вртат во судските лавиринти. Не ми е јасно зошто никој нема храброст да се истражи високо профилиран случај како БОНУСИТЕ НА СЈО. Единствено во мојата обвинителска кариера, но и пред тоа 10 години како стручен соработник не сум имал закана или барем суптилно наговарање од било кој особено не од Републички јавен обвинител. Предметот јас го проценив како сензитивен баш заради тоа што пријавени се мои колеги, а истите директно се засегнати од мојата одлука која за нив може да повлече потешки последици. Овој предмет е и корен на моите проблеми со започнување на тендециозни и неосновани дисциплински постапки, суспензи...крајно остварена е заканата, преку тенденцинзно формирање на работна група во која е вклучена Лиле Стефанова која има конфликт на интерес бидејки е дел од пријавените во бонусите на СЈО, притоа врши надзор и на свој предмет, па користејки ја својата моментална позиција со подмолен и незаконит пристап на својата работа интернвенира и со наводен надзор да фингира мое незаконито работење кое се разбира на крај би довело до оспорување на мојата одлука за бонусите на СЈО.

Овој предмет од многу аспекти е пример за високо профилиран случај, јас би рекол предмети од јавен интерес, бидејки тргнувајки од својството на пријавените -Јавни обвинители кои со својата работа треба да бидат гаранти за правна држава, како и предизвиканата штета на буџет од безмалку пет милионои евра утврдена со ревизорски извештај и делумно со материјалното финасиско вештачење, за жал Стефанова при делигираниот надзор, спортивно на законот, изврши надзор кој е единствено во насока на заштита на своите лукреативни цели, не ги утврди и другите високо профилирани случаи-предмети од јавен интерес на кој јас сум работел, туку тендециозно ги зема само овие предмети, на кој во еден и лично работела и очигледно имала други намери претходно при отварање на овој процес во СЈО. За сето ова јас лично имам поднесено кривична пријава но и пријава до Државната комисија за судир на интерес, која како недлежна иститутција повеќе од 10 месеци не најде за потреба да ја реши оваа пријава.

Карактеристично за овие три предмети за кои вие пројавувате интерес заеднички се неколку работи. Прво, во трите предмети донесени се првостепени судски одлуки со кои се отфрлаат обвининијата на Јавното обвинителство или се ослободуваат обвинетите и тоа по разни основи, второ во истите предмети без правно релевантни докази и покрај тоа што имале можност да ги истражат поднеле обвиненија и трето, во два предмети од страна на обвинетите до МВР е пријавено дека им се барани парични средства-поткуп, за да ја прекинат постапката, за ова јас подоцна разбрав.

Од овие причини овие предмети треба да се гледат единствено од нивна суштествено кривично правна каратеристика, зошто овие предмети и нивната

работа над истите се основа на така ниската да не кажам и никаквата доверба на јавноста во работењто на јавното обвинителство. Наводното местење на предмети е само дефокусирање и не е во правец на утврдување на суштината на сите овие предмети, односно да се отвори нивната законитост во постапувањето.

Како заклучок за обвиненијата во овие предмети не постои правна аргументација дека тие предмети со тој корпус на докази и начин на постапувања на првостепените јавни обвинители можеле да преставуваат законити обвинение или жалби на одлука на суд. Се разибра овие предмети во друга прилика може и преку медиумите јавноста да биде информирана по што може да даде јасен суд за процесите во јавното обвинителство.

За крај од ова прашање, одговорно тврдам дека мене некој не ми местел предмети бидејки нема мотив за тоа и одговорно тврдам јас како и во сите стотици предмети и во овие предмети сум постапувал законито и како виш јавен обвинител предметите сум ги анлизирал од сите аспекти што е и моја надлежност и сум донел одлуки позади кои стојам и сега и во иднина.

**ИРЛ:** Против Вас има предлог за дисциплинска постапка. Дали државниот обвинител се жалеше на предлогот и што очекувате од постапката пред Советот на јавни обвинители?

**Цветановски:** За дициплинската постапка поведена од Коцевски која за жал од дисциплинската комисија ан блок е прифатена видно образложениеото на донесената Одлука. Комисијата иако е должна на сите бројни приговори дадено од моја страна од процесен и формален каратер да се произнесе заради исполнување на законските предуслови за законитост на дисциплинста постапка, комисијата на круцијалните приговори не се произнела, а во дел погрешно го применува материјалното право.

Во жалбената постапка пред Советот јавните обвинители, пред кој ке ми овозможат и лично да ги образложам жалбените наводи, уверен сум дека Советот без никави калкулции ќе ја запре тендецозната дисциплинска постапка бидејки во моето постапување по наведените предмети не може да се утврди намерно и направдано крупна професионална грешка <u>а различното толкување на правото и фактите од страна на двајца членови на надзорот не може да претставува основ за утврдување на одговорност на јавниот обвинител</u>, од кои причини ниту постои основано сомневање за сторена дисциплинкса повреда.

Со оваа дициплинска постапка не само на мене лично како јавен обвинител туку и на сите јавни обвинители во Македонија на сите нивоа, грубо ни се крши нашето право на самостојност при одлучување и постапување во јавно обвинителската работа, за законитоста на нашите одлуки битно е постапувањата да бидат јасни и правно аргумементирани и образложени согласно домашното позитивно право и прифатеното мегународно право и стандарди.

Во однос на делот од прашањето дали Коцевски поднел жалба на одлуката на Дисциплинската комисија, јас дознав на 25.08.2025 година кога ми е доставена, но се надевам дека, Коцевски истата во една контрадикторна постапка лице во лице пред членовите на Советот на јавните обвинители и заинтересираните медиуми, лично не криејќи се позади соопштенијата на ЈОРСМ, ќе ги образложи своите жалбени наводи и своите постапки.

Дел од одговорите се можеби опширни но единствено објавени интегрално може да се опише оваа комлексна состојба.

Јавен обвинител

Јован Цветановски